**ИЗВЕШТАЈ СО ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ**

Од Советот за квалитет на Бизнис академија Смилевски- БАС

10.09.2022

Врз основа на комплетното истражување за последната самоевалуација ги содржи сите потребни показатели кои даваат валидна проценка на квалитетот на високообразовната и научната дејност преку бројни експлицитни постапки, инстументи и методи:

- Анкетирани се редовните, вонредните и студентите од втор циклус. - Анкетирани се сите постојано вработени наставници и административен кадар, како и дел од соработниците со дополнителен ангажман.

- Направено е интервју со основачите.

- Анкетирани се вработените дипломанти на БАС.

- Анкетирани се менторите од партнерските организации на БАС

- Пополнати се чек листи за студиските и предметните програми и за веб страната на БАС. - Анализирани се сите годишни извештаи од работата на директорот на БАС.

- Анализирани се сите законски и подзаконски акти на БАС. Извештај за самоевалуацијата на Бизнис академија Смилевски

- Анализирани се сите проектни документации, библиотека, пописни листи, катастраски изводи и сл.

- Анализирани се сите документи(матични книги, листи, одлуки и насоки) кои даваат објективни резултати и јасно го проценуваат квалитетот на работата на БАС Во продолжение се препораките по области:

1. ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ
   • Според бројот на студентите на двете локации на БАС потребно е да се стремиме кон постигнување на оптимална големина на трите категории образовни групи: редовни студенти од прв циклус, вонредни студенти од прв циклус и студенти од втор циклус на студии на двете локации Скопје и Битола.
   • Според степенот на вклучување на студентите во оперативните процеси во ПО студентите најмногу работаат со помош на менторите и им се доверуваат самостојни задачи. Набљудувањата на оперативните процеси во најголема мера се присутни кај студентите од прва година, додека се вклучат во активностите со помош на менторите. Во наредниот период треба да се работи со менторите да обезбедат уште поголемо вклучување на студентите преку доверување на самостојни задачи, а за тоа е потребна и поголема посветеност и мотивација на студентите за нивно вклучување. Секој наставник да достави до Директорот предлог распоред со најмалку една посета на ПО. Потребно е прецизирање на менторскиот договор, дополнителна обука за менторите и поставување на критериуми за избор на ментор. Координаторот за ТСП со наставниците да организираат менторско-студентски средби со цел за заедничко реализирање на целите на студиската програма.

• На прв циклус на студии предмети како и висока активност на предмети на втор циклус на студии. Како препорака во иднина за новите студиски програми по бизнис и стратегиски менаџмент е да се мотивираат студентите да ги активират со својот избор сите изборни предмети на листите.
• Соодносот на времето предвидено помеѓу самостојната работа, академскиот инпут, вежбите, консултациите и менторството се смета како соодветен за остварување на целите на студиските програми. Во БАС секогаш се интегрираат сите елементи на наставната средба (ИСС, академски инпут,ПСС и зацврстување), но кај мал број на наставници и соработници е потребна замена на класичното предавање со вклучување на сите елементи на наставната средба. На истите наставници да им се даде поддршка преку менторирање и преку заеднички посети на часови.
• Наставниот кадар на БАС е стручен и компетентен, а нивото на квалитетот за изведување на наставата перманентно се подобрува во насока на: оптимилизација на времето на презентациите, воведување на поголем број на примери од праксата, оперирање со оптимален број на поими за време на една наставна средба, навремено прегледување на колоквиумите и испитите, навремена изработка на записници од одржаните колоквиуми и испити и навремено и педантно водење на педагошката документација. За секој нововработен наставник да се одредува ментор и работно да се воведува.
• Вонредните студенти да презентираат минимум по еден проектен извештај во текот на еден семестар како поддршка за стегнување на Извештај за самоевалуацијата на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, 2022 36 менаџерскипрезентирачки компетенции, но и како потврда за оргиналноста на проектите извештаи.
• Во најкраток временски период треба да се преземат активности за избор на нов Претседател на Студентскиот парламент, а последователно и решавање на низа проблеми кои претставуваат пречка во функционирањето на Парламентот.
• Големиот процент на вработени дипломанти благодарение на усвоените знаења и вештини од студирањето во БАС добиле шанса за унапредување, а на поголемиот број вработени дипломанти не им е потребна дополнителна обука за работното место за кое се примени или унапредени. Со тоа се потврдува фактот дека стекнатите знаења и вештини во текот на студирањето во БАС даваат силни импликации во професионалниот и кариерниот развој на студентите. На веб страната да се поставаат обраќања на завршените студенти , потенцирајќи го нивниот професионален и кариерен развој.
• Постои зголемена тенденција на прилив на студенти со трансфер од други ВОИ, но се забележува и благо осипување на студенти од БАС заради финансиски проблеми, домашни обврски, здраствени проблеми и зминување о странство. БАС понатаму треба да продолжи со своите промотивни активности за прилив на студенти од другите ВОИ.

## 2. НАУЧНО- ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Завршена е реализацијата на вториот научно-истражувачки ВИКО проект во БАСИМ. Истражувачката програма „Влијанието на иновациите врз конкурентноста на организациите“ БАС заедно со БАС ИМ ја иницира заради обезбедување поширока научно заснована подршка на натамошниот развој на студиите по професионален менаџмент во Република Северна Македонија, воопшто и на студиските програми по оперативен, бизнис и стратегиски менаџмент на БАС, посебно. На крајот од 2019 и почетокот на 2020 веќе е прифатена и истражувачката програма: Дигитализацијата како организациски и менаџерски предизвик“ Реализирани се неколку симпозиуми и научни

конференции во кои БАС е организатор и со-организатор. Креираното ново употребливо знаење за одржлива компаниска конкурентност е примарно наменето за две категории корисници: Прво, за унапредување на студиите по професионлен менаџмент на БАС, и второ, за зголемување на одржливата компаниска конкурентност на идните работодавци на дипломантите на БАС примарно, односно партнерските организации во кои се остварува терентската студентска практика на БАС. Креираното ново знаење со оваа истражувачка програма ќе биде употребувано, покрај другото за следниве аспекти на унапредувањето на студиите на БАС: о Објективно засновано континуирано ревидирање и осовремување на постоечките студиските програми о Осовремување и поголемо функционализирање на изворите за студирање (учебници, студии на случаи, симулации и сл.); о Поголемо интегрирање на наставниот процес со реалните состојби кај идните работодавци на дипломантите на БАС Насока: да се продолжи со организација на научните собири од страна на БАС и да се разгледа можноста за вмрежување со странски ВОУ во наредните академски години и развој на заеднички студии со странски ВОУ преку проекти. Извештај за самоевалуацијата на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, 2022 37 3. АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ БАС отребно е да ја третира како перманетна грижа за нашите дипломанти, нашите партнерски организации и наш придонес кон општествено-економскиот развој според нашите индивидуални и институционални капацитети. Насоките во оваа област би биле:

• Да се дефинираат, планираат и реализираат поголем број на проекти.

• Аплицирани проекти (мин.10 училишта) на БАС како партнер компанија со средните училишта од сите региони во РСМ со програмата БАСТИОН и во евентуално нова четврта фаза до МОН.

• Вмрежување во програмата CEEPUS со странски ВОУ во наредните академски години и развој на заеднички студии со странски ВОУ преку проектот.

• Аплицирање на проекти на програмата ИПА Р.Грција и др.соседни земји. • Аплицирање на проекти од ФИТР.

• Да се испорачуваат комерцијално-едукативни пакети.

• Да се продлабочуваат Еразмус проектите.

• Во секоја партнерска организација да се испорачуваат еднодневни бесплатни консултантски услуги по барање на организацијата.

• Да се реализираат напредни обуки по семестар/триместар за вработените оперативни и топ менаџери и за развивање на компаниските стратегии.

• Континуирано спроведување на испитување на преференциите и предиспозициите на средношколците од РСМ (проект МОКУ).

• Резултатите од сите апликативни активности да се поставуваат на веб страната.

3. РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Помеѓу последните две самоевалуации голем број од наставниот кадар се здоби со докторски титули и стручно и компетентно се надоградува во своите области. Мерки за развој на наставниот кадар:

• Доршување на научното усовршување на дел од академскиот кадар;

• Подигање на нивото на активно владеење на англискиот јазик до ниво доволно за изведување настава на англиски јазик;

• Зголемување на бројот на визитинг предавања на нашите наставници;

• Студиски престои на академскиот кадар на БАС во други високообразовни организации во странство;

• Продлабочување на соработката меѓу наставниците од иста наставна област по локации на БАС. • Учество во креирање на обуки и проекти и подигнување на проактивните активности за придонес во создавање на финансиски придобивки за БАС.

4. ШИРЕЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА БАС

Целта на ширењето на достапноста на услугите на БАС е развивање на соодветна кадровска, промотивна, информатичка и нормативна поддршка за обезбедување на квалитетна услуга поблиску до местото на работење и живеење на студентите.

• Подобрување на системот на далечинско студирање и давање на поголем акцент на овој начин на студирање.

• Креирање на акционен план за запишување на студенти од Австралија, САД, Европа. • Креирање акционен план за запишување на студенти во Одделението во Битола од Р. Грција, а од Косово во седиштето во БАС.

• Се наметнува потребата од воспоставување на соработка со институции во земјата како идни партнерски организации, како и соработка со високо образовни институции во земјата и странство за развивање на заеднички студиски програми.

• Сите претходни мерки треба да бидат следени со зголемени промотивни активности.

• Промоцијата по училишта да се реализира преку директната комуникација со матурантите и тоа преку презентациите и МОКУ тестирањата, како и натпреварите, поставување на штандови пред средните училишта и на соодветни пристапни места во градовите од месец април до септември.

• Да се продолжи со уписната политика „човек на човек" зошто дава најголеми резултати.

• Континуирано ангажирање во уписите на сите вработени и соработници на БАС и тоа во текот на целата студиска година.

• Континуирана поддршка од телевизии, печатени медиуми, организирање на медиумски настани, снимање на емисии сл.

• Континуирана соработка со средните училишта преку проектите , посетата на наставата кај нас, матурските задачи, наставниците за бизнис и др. форми

• Развивање на поддршката од нашите партнерски организации.

5. ИНФРАСТРУКТУРА

• Да се постави лиценциран софтвер Windows, заменувајќи го бесплатниот софтвер Linox.

• Да се зголеми бројот на: лап топови, далечински ситеми за презентирање, платна за проектирање.

• Збогатување на библиотеките на БАС со светска литература и учебници во тврди копии соодветни за наставните предмети на БАС, како и воспоставување на пристап до електронски книги од наши и светски електронски библиотеки.

• Потребно е подигање на квалитетот на изворите за учење.

• Консултантската поддрршка на сите инцијативи на студентите, наставниците и вработените од партнерските организации.

• Да се воспостави дигитална евиденција за пребарување на материјалите и изворите за учење на порталот.

• Редовно излегување на Електронското квартално списание на БАС

• Како можности на порталот кои можат да се искористат во иднина се збогатување на порталот со интерактивни содржини и стимулирање на студентите да го користат не само како средство од каде што ги подигнуваат своите материјали и полагање на испити туку и како место каде што можат да се развиваат дебати по одредени теми и предмети во рамките на форумите кои веќе се поставени за секој предмет посебно.

6. КОН БЕСПРЕКОРНО РАБОТЕЊЕ

Квалитетот на наставата и другите услуги за студентите се примарен интерес на академскиот и административниот кадар на БАС. Тоа е веќе пропознато и од страна на студентите афирмирано во пошироката заедница.

• Да се редефинираат надлежностите на директорот според ЗВО и генералниот менаџер како носител на интерната бизнис функција на внатрешната организација; • Да се дефинирана хиерархиската и временската отчетност на секоја работна позиција и посебна организациска функција;

• Да се ревидираат сите нормативни акти од аспект на нивната функционалност и усогласеност со новата организациска поставеност;

• Да се дефинираат критериуми за воннаставно и вонинституционално ангажирање на академскиот кадар на БАС.

• Да се обезбеди софтвер за организациското работење на БАС.

• Потребно е во наредниот развоен период да се формализираат сите процеси и механизми за ефективкно менаџирање на системот за обезбедување на квалитет, како и собирање, процесирање и промовирање показатели на беспрекорноста во работењето на БАС.

• Потребно е ефективно, ефикасно и континуирано пренесувањето на суштината на органзиациската култура во секојдневната практика со новите членови на академската заедница.

• Да се вградат и Европските стандарди за беспрекорно работење.

• Да се спроведува континуирана евалвација на наставници и ментори.

7. РАБОТА СО СТУДЕНТИТЕ

• Студенскиот Парламент комплетно да се активира.

• Алумни организацијата да си ја преземи обврската за активна грижа за следење на вработувањето и кариерниот развој на дипломантите како и нивното заедничко среќавање и соработка.

• Во наредниот период треба да се подржат иницијативите и подобрат условите за студентска размена (мобилност) на студентите на БАС (билатерална размена). 9.

8. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Преку одговорно работење БАС настојува да креира вредност за општеството. Општествената одговорност претставува интегрален дел од начинот на кој работи БАС и е клуч за неговиот успех. Оваа определба на БАС го претставува вистинскиот избор и е основа за да го одржи неговиот развој и раст. БАС треба да продолжи да го дава својот придонес кон општествено –економскиот развој и подршка на посебни настани:

• Стипендирање на талентирани ученици и припадници на маргинализирани социјални групи (ромска заедница, социјално загрозени семесјтва, деца на бранители и сл.)

• Поддршка на хуманитарни активности.

- Учество во иницијативи за подобрување на деловното окружување во земјата.
- Вложување во научно-истражувачки и апликативни активности за општеството добро.
- Соработка со невладини и граѓански организации.

9. ЗАКЛУЧОК

Мониторингот покажа дека административните услуги и техничката служба во Бизнис академија Смилевски – БАС функционираат на високо ниво, со брза и ефикасна услуга за студентите. Примената на препорачаните мерки може дополнително да го зголеми корисничкото искуство и ефикасноста на услугите.

10.09.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
Самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
1
СКОПЈЕ

Советот за квалитет на БАС

Претседател: Проф. д-р Дијана Ивановска Пржо